


Скопје, 14/12/2017, бр.10-8438/1

# Анализа
# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОКИ ПРИХОДИ ВО 2016

- Годишна даночна пријава за 2016 година поднеле 439.689 граѓани, преку која доброволно пријавиле 173.592.004.847 годишни бруто приходи и 10.133.228.081 персонален данок.

- Најголем број од доброволните ГДП се поднесени во подрачјето на Регионалната дирекција Скопје 169.943, понатаму следи РД Штип 76.453, РД Прилеп 60.739 и РД Битола 55.146, РД Струмица 40.880 и РД Тетово 36.528.

- Врз основа на Годишните даночни пријави и другите евиденции со кои располага Управата за јавни приходи, донесени се 506.817 решенија за утврдување на годишниот данок на доход, во кои утврден е бруто остварен приход во износ од 188.611.411.235 за кој е пресметан персонален данок на доход во износ од 10.976.973.187 и од кој произлегува разлика за доплата на данок во вкупен износ од 268.344.724 денари.

- За 21.945 граѓани утврдени се бруто приходи над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани (421.244) оствариле бруто приходи кои се движат од 100 илјади до 1 милион денари.

| **Поднесени ГДП** | **439.689** |
|---|---|
| Пријавен бруто-приход | 173.592.004.847 |
| **Пријавен персонален данок** | **10.133.228.081** |
| За доплата персонален данок | 263.205.721 |
| **Неподнесени ГДП** | **67.128** |
| Непријавен бруто-приход | 15.019.409.388 |
| **Непријавен персонален данок** | **843.745.106** |
| За доплата персонален данок | 5.139.003 |
| **Вкупно решенија по ГДП** | **506.817** |
| Вкупно бруто-приходи | 188.611.414.235 |
| **Вкупно персонален данок** | **10.976.973.187** |
| За доплата персонален данок | 268.344.724 |

| Остварен бруто приход во ГДП | Број на даночни обврзници | Вкупен бруто приход |
|---|---|---|
| над 1 000 000 | 21.945 | 52.909.784.065 |
| 100 001 - 1 000 000 | 421.244 | 133.537.131.984 |
| 10 001 - 100 000 | 42.112 | 2.084.607.859 |
| до 10 000 | 21.516 | 79.890.327 |
| **Вкупно** | **506.817** | **188.611.414.235** |

| РБ | Град | Вкупно бруто приходи |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 255.431.152 |
| 2 | СКОПЈЕ | 234.258.570 |
| 3 | СКОПЈЕ | 144.979.076 |
| 4 | СКОПЈЕ | 135.301.923 |
| 5 | СКОПЈЕ | 135.162.148 |
| 6 | СТРУГА | 124.577.479 |
| 7 | СКОПЈЕ | 113.694.317 |
| 8 | СКОПЈЕ | 104.599.623 |
| 9 | КОЧАНИ | 95.796.120 |
| 10 | СКОПЈЕ | 89.680.711 |

## Највисок годишен приход за 2016 е 255 милиони денари

За 2016 година, граѓанин од Скопје пријавил 255.4 милиони денари, што е и највисок годишен бруто приход искажан во Годишните даночни пријави за оваа година.
Втор на листата, со остварен годишен бруто приход од 234.258.570 денари, исто така, е граѓанин од Скопје.
На листата со највисоки приходи пријавени во Годишната даночна пријава за 2016 година има и граѓани од Струга со остварени 124.577.479 денари и од Кочани со остварени 95.796.120 денари.

## Здравство, фармација и информатички технологии со највисоки плати

| РБ | Град | Годишна бруто-плата |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 167.786.446 |
| 2 | СКОПЈЕ | 120.987.660 |
| 3 | СКОПЈЕ | 79.915.315 |
| 4 | СКОПЈЕ | 70.994.427 |
| 5 | СТРУГА | 55.597.401 |
| 6 | ОХРИД | 55.482.974 |
| 7 | ОХРИД | 55.459.274 |
| 8 | СКОПЈЕ | 43.464.985 |
| 9 | СКОПЈЕ | 42.393.434 |
| 10 | СКОПЈЕ | 42.393.434 |

Највисоката годишна бруто плата во 2016 година во износ од 167.786.446 денари е исплатена во приватното здравство, па потоа следат секторот трговија / производство на фармацевтски производи и препарати; неспецијализирана трговија на големо; компјутерско програмирање; производство на фабрикувани метални производи; производство на печки и горилници; специјалистичка медицинска пракса; и адвокатската дејност. Највисокото „дополнително примање и надоместок од работен однос“ изнесува 25.6 милиони денари на годишно ниво.

| РБ | Град | Дополнителни примања |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 25.684.026 |
| 2 | БОГДАНЦИ | 22.503.652 |
| 3 | СКОПЈЕ | 20.009.918 |
| 4 | СКОПЈЕ | 19.545.199 |
| 5 | СКОПЈЕ | 17.732.220 |
| 6 | СКОПЈЕ | 12.458.737 |
| 7 | СКОПЈЕ | 11.907.106 |
| 8 | СКОПЈЕ | 11.741.128 |
| 9 | СКОПЈЕ | 10.866.520 |
| 10 | СКОПЈЕ | 9.646.113 |

## Скопје со најмногу капитални добивки, а дивидендите со највисоки износи

| РБ | Град | Капитална добивка |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 82.871.679 |
| 2 | СКОПЈЕ | 77.231.657 |
| 3 | СКОПЈЕ | 67.782.414 |
| 4 | ПЛАСНИЦА | 46.125.000 |
| 5 | БОСИЛОВО | 44.536.006 |
| 6 | ШТИП | 41.291.700 |
| 7 | СТРУМИЦА | 34.571.110 |
| 8 | СКОПЈЕ | 24.312.800 |
| 9 | СКОПЈЕ | 15.747.050 |
| 10 | СКОПЈЕ | 15.357.902 |

Највисоката остварена капитална добивка е 82.8 милиони денари. Досега највисоката капитална добивка е остварена во 2008 година, и тоа во износ од 908.995.813 денари. Од повремено вршење на услуги, жител на Велес заработил 58.2 милиони денари, додека граѓанин од Скопје пријавил заработка од 109.1 милиони денари од дивиденди и други приходи остварени од учеството во добивката.

| РБ | Град | Повремено вршење на услуги | Град | Дивиденди и учество во добивка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ВЕЛЕС | 58.270.869 | СКОПЈЕ | 109.120.259 |
| 2 | СТРУГА | 40.094.700 | СКОПЈЕ | 94.103.737 |
| 3 | СТРУГА | 39.039.605 | КУМАНОВО | 87.444.439 |
| 4 | ВЕЛЕС | 32.931.462 | СКОПЈЕ | 85.188.889 |
| 5 | СКОПЈЕ | 30.999.924 | СКОПЈЕ | 76.111.111 |
| 6 | КУМАНОВО | 29.997.194 | ШТИП | 75.100.742 |
| 7 | СТРУМИЦА | 29.698.816 | СКОПЈЕ | 70.715.837 |
| 8 | СКОПЈЕ | 29.061.721 | СТРУГА | 68.888.200 |
| 9 | ГЕВГЕЛИЈА | 22.622.664 | ВЕЛЕС | 66.326.342 |
| 10 | СТРУМИЦА | 22.127.501 | СКОПЈЕ | 62.222.216 |

## Имотни права & авторски права

Прворангираниот според вкупно остварени бруто приходи од имот и имотни права (издавање на земјиште, станови и деловни простории, превозни средства и друг вид на имот) во 2016 година е обврзник од Тетово, кој пријавил 65.5 милиони денари.
Прворангиран според остварени вкупно бруто приходи од авторски права и права од индустриска сопственост е обврзник од Скопје, со 17.3 милиони денари.

| РБ | Град | Имот и имотни права | Град | Авторски права |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 65.565.124 | СКОПЈЕ | 17.380.963 |
| 2 | СКОПЈЕ | 39.749.191 | ШТИП | 13.054.391 |
| 3 | СКОПЈЕ | 24.848.624 | СКОПЈЕ | 11.041.697 |
| 4 | СКОПЈЕ | 22.486.486 | СКОПЈЕ | 10.316.996 |
| 5 | СКОПЈЕ | 19.221.705 | СКОПЈЕ | 10.266.375 |
| 6 | ВЕЛЕС | 17.994.010 | СКОПЈЕ | 10.230.000 |
| 7 | СКОПЈЕ | 16.556.070 | СКОПЈЕ | 10.020.175 |
| 8 | СКОПЈЕ | 15.760.586 | СКОПЈЕ | 9.499.157 |
| 9 | СКОПЈЕ | 14.080.560 | СКОПЈЕ | 8.116.644 |
| 10 | СКОПЈЕ | 14.030.258 | СКОПЈЕ | 8.088.612 |

| РБ | Град | Игри на среќа |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 27.503.950 |
| 2 | ПРОБИШТИП | 9.253.115 |
| 3 | СКОПЈЕ | 7.567.468 |
| 4 | КУМАНОВО | 6.072.492 |
| 5 | КУМАНОВО | 4.722.778 |
| 6 | ВАСИЛЕВО | 3.241.285 |
| 7 | БИТОЛА | 2.446.122 |
| 8 | КИЧЕВО | 1.831.719 |
| 9 | СКОПЈЕ | 1.785.908 |
| 10 | СТРУМИЦА | 1.760.504 |

## Жител на Скопје е среќниот добитник во 2016

Прворангираните граѓани пријавиле добивки од лото, обложување, казино и учество во наградни игри, кои се движат од 1 до 27 милиони денари.
Највисока добивка, односно вкупен бруто приход од игри на среќа остварил жител на Скопје, кој само по овој основ остварил 27.5 милиони денари.

| РБ | Град | Вкупно бруто приходи |
|---|---|---|
| 1 | СТРУМИЦА | 41.871.088 |
| 2 | СКОПЈЕ | 40.682.337 |
| 3 | СТРУГА | 39.167.926 |
| 4 | ТЕТОВО | 38.321.036 |
| 5 | КУМАНОВО | 37.924.461 |
| 6 | БИТОЛА | 35.444.826 |
| 7 | ПРИЛЕП | 32.954.104 |
| 8 | СКОПЈЕ | 31.111.563 |
| 9 | СКОПЈЕ | 27.515.512 |
| 10 | ШТИП | 26.028.218 |

## Струмичките и Скопските пензионери најдобро заработуваат

Највисока заработувачка пријавиле пензионери од Струмица и од Скопје, кои освен пензијата оствариле и приходи по други основи.
Прворангираниот пензионер од Струмица пријавил 41,8 милиони денари вкупен годишен бруто приход по сите основи, вклучувајќи ја и пензијата.
Највисок годишен бруто приход само по основ на пензија е пријавен во Скопје, и тоа 1.838.837 денари.